Бр./Nr 12-1818/2
26 -07- 2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 8-та седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-1818/1 од 17.06.2024 година, во врска со донесена пресуда од Основен суд ------ и Апелационен суд ------ , **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што за пријавените наводи е надлежен да постапува друг орган.

Пријавата и прилозите доставени кон истата да се достават до Судски совет на Република Северна Македонија.

Предметот со 12-1818/1 од 19.06.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 17.06.2024 година, поднесена е пријава во врска со незадоволство од донесена пресуда од Основен суд ------ за развод на брак и доделување на вршење на родителско право) и решение на Апелационен суд ------ во кое се дадени насоки за постапување на основниот суд по поништувањето на првостепената пресуда), и оформен е предмет број 12-1818/1 од 19.06.2024 година.
Во пријавата подносителот наведува дека Основниот суд ------ донел Пресуда ------ од ------ година за развод на брак, со која подносителот на пријавата се развел од брачниот другар, а судот нивното малолетното дете го доделува на таткото.

При одлучувањето Основниот суд ------ го имал во предвид наодот и мислењето на стручниот тим на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје, но истото немало влијание за поинакво одлучување. Ова од причина бидејќи од страна на основниот суд не било побарано мислење од ЦСР на Град Скопје за доделување на малолетното дете, туку истото било побарано од ЈУ ЦСР Охрид, како месно надлежна установа каде се суди предметот. Незадоволен од донесената одлука, подносителот на пријавата поднел жалба до Апелационен суд ------ . Истиот донел Решение ГЖ ------ од ------ година со кое ја уважува жалбата, а горенаведената пресуда на Основен суд ------ ја укинал во став 3, 4, 5 и 6, додека предметот го вратил на повторно судење пред првостепениот суд. Меѓудругото, како една од причините за поништување на првостепената пресуда, Апелациониот суд навел дека од извештајот на ЈУ ЦСР Охрид за спроведена постапка за помирување и доверување на дете бр. ------ од ------ година, произлегува дека овој центар до првостепениот суд во прилог го доставил наодот и мислењето на неговиот стручен тим и наодот и мислењето на стручниот тим на ЦСР на Град Скопје, кои содржеле различни предлози во поглед на доделувањето на малолетното дете. Со тоа што првостепениот суд не го извел како доказ извештајот на ЦСР на Град Скопје, судот не бил во можност да ги утврди правилно и во целост решавачките факти во поглед на даденото мислење на ЈУ ЦСР Охрид за доделување на малолетното дете на брачниот другар на пријавителот кое било прифатено од првостепениот суд.
Подносителот на пријавата е незадоволен бидејќи судовите наместо како доказ да го земаат единствено мислењето на Центарот за социјални работи Скопје (кадешто живееле подносителот на пријавата со малолетното дете, коешто пред донесувањето на првостепената пресуда му било доверено на чување, воспитување и грижа), го ценеле како доказ и извештајот на Центарот за социјални работи Охрид (местото на живеење на таткото), којшто согласно член 265 став 2 и став 3 од Законот за социјална заштита не бил месно надлежен во случајот.
Подносителот на пријавата дополнил дека во тек е повторно постапка пред Основен суд – ------ , за кое имал сознанија дека се брзало со закажувањето на рочиште за главна расправа при ваква фактичка состојба во која имало контрадикторни мислења.

Согласно пропишаното во член 36 став 1 алинеи 5 и 15 од Законот за судскиот совет, Судскиот совет на Република Северна Македонија е надлежен да ја следи и оценува работата на судиите, односно е надлежен да постапува по претставки

и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите.

По разгледувањето на предметните наводи и релевантните законски одредби, ДКСК констатира дека во случајот по пријавените наводи односно дејствија, друг орган е надлежен да постапува и предметната пријава со прилозите ќе се доставaт до Судски совет на Република Северна Македонија.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: М-р В.З, Виш соработник
Контролирал: М-р К.З, Раководител на одделение
Согласен: М-р И.П, Раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц. Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk